**20180170207**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16, став 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 184/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15,17/16 и 37/16) и член 63, точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07 82/08, 98/08, 06/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.1.2018 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 ГОДИНА

## ВОВЕД

Проблемите во менталното здравје стануваат се поочигледни во светот.Тие претставуваат сериозен и сложен социо-медицински, но и општествен проблем, со бројни здравствени, социјални и економски последици по поединецот, семејството и општеството во целост.

Овие заболувања имаат економско влијание на општеството и големо влијание на квалитетот на животот како на поединците, така и на нивните семејства, а стануваат се поочигледни како во светот така и кај нас.

Околу 20% од вкупниот број на пациентите во примарната здравствена заштита имале едно или повеќе ментални заболувања. До 2020 година се очекува процентот на менталните заболувања да се зголеми до 50 %.

Ефикасното решавање на овие проблеми не е можно само со имплементација на здравствените мерки, туку е потребен сеопфатен, интегративен пристап со учество на програмски организирани активности на различнисубјекти во општеството, во чија надлежност се ресорни институции и установи, со особен акцент на социјалниот сектор.

Значаен момент е и трендот на сè поголем број случаи на суицид во Република Македонија.

## МЕРКИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

1) Згрижување и лекување на на лицата кои се сместени во психијатриските установи со изречена мерка од надлежен суд "задолжително лекување и чување во психијатриска установа".

Во психијатриските болници се лекуваат околу 130лица со изречена судска мерка. За овие пациенти болниците не се во можност да обезбедат средства и согласно Законот за извршување на санкции, трошоците за здравствената заштита на овие лица ги обезбедува Министерството за здравство преку соодветна програма.

2) Обезбедување на партиципација за дневно болничко лекување на пациенти во Центрите за ментално здравје

Во Република Македонија приближно 750 душевно болни пациенти се лекуваат дневно-болнички во следните центри за ментално здравје:

- 3 (три) Центри за ментално здравје на територијата на Град, Скопје во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" – Скопје,

- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ УК за психијатрија Скопје,
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ КБ Тетово,
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ ЗД Струмица,
- Центар за ментално здравје во рамнки на ЈЗУ ОБ Гевгелија,
- Центар за ментално здравје Демир Хисар во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар и
-Центар за ментално здравје Прилеп во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар.

3) Развој на Центрите за ментално здравје како вонисн ституционална форма на лекување.

Душевните растројства опфаќаат широк круг на заболувања, вклучувајќи ги органските, симптоматските, невротските, растројствата во расположението (афективни растројства), шизофрениите, шизотипните и налудничавите растројства, душевната заостанатост и другите душевни растројства.

Светските искуства покажуваат дека кај повеќе од една половина од вкупно дијагностицираните лица, овие растројства добиваат хроничен тек, т.е. периодите на подобрување се заменуваат со периоди на влошување и повторна појава на знаците на растројството. Поради природата на болеста, но далеку повеќе како резултат на општествениот став и предрасуди, во кои доминира неприфатеност, маргинализација и отфрлање, голем број лица со душевни растројства остануваат долготрајно, па дури и доживотно хоспитализирани, при што се создава таканаречен хоспитализам.

Поради наведените состојби, во изминатиот период, третманот на овој се-риозенсоцио-медицински проблем беше скоро целосно препуштен намедицинските, т.е. психијатриските институции и се одвиваше на товар наздравството и здравственото осигурување, давајќи скромни резултати. Имено, долготрајниот болнички третман во психијатриските установи, во изминатиот период, од една страна беше поврзан со значителни финансискисредства кои претежно беа на товар на здравственото осигурување, а од друга страна придонесуваше долготрајно болнички третираните лица дабидат дополнително стигматизирани, маргинализирани и социјално исклучени. Ваквата хоспитализација предизвикуваше и дополнително влошување на здравствената состојба.

Ваквиот пристап се покажа како недоволно ефикасен,економскинеоправдан и не успеа да обезбеди похуман пристап итретманна лицата со душевни растројства во нивната социјална средина.

Следејќи ги и препораките на СЗО, во Република Македонија се премина кон зајакнување на достапноста на овие услуги преку развивање на различни форми на вонболнички третман во локалната заедница, содржани во т.н. Центри за ментално здравје во заедницата, со целосен сеопфатендневноболнички третман на пациентите. За целосно, адекватно, навремено, ефикасно и економично решавање на овие проблеми неопходно е вклучување на целата општествена заедница, пред се преку соодветните институции и установи во рамките на ресорните министерства, а во тесна соработка и координација со сите останати заинтересирани субјекти.

Во план е и отварање на новицентри за ментално здравје во Кичево и Битола, кои ќе функционираат во соработка со ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, како и центар за ментално здравје во Штип кој ќе функционира во рамки на ЈЗУ Клиничка болница Штип.

4) Превземени обврски од Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства за 2017 година.

5) Изготвување на Национална стратегија за ментално здравје 2018-2025 година.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цели на оваа програма се:

- обезбедување на здравствена заштита и згрижување на пациентите кои се со од надлежен суд суд изречена мерка “задолжително лекување и чување“,
- обезбедување на здравствена заштита на близу 750 пациенти кои се лекуваат во Центрите за ментално здравје низ Републиката,
- развивање на различни форми на вонинституционално ивонболничко лекување и
- изготвување на Национална стратегија за ментално здравје 2018-2025 година.

## МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Активностите во оваа програма претставуваат:

1) Лекување и згрижување на пациентите кои се со изречена мерка од суд “задолжително лекување и чување“,новкупоколу 135 и се наведени погоре во текстот од кои: 60 пациенти воЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, 40 во ЈЗУ Психијатриска болница “Скопје“ Скопје и 30 во ЈЗУ Психијатриска болница “Негорци“ Гевгелија). Со оглед на фактот дека бројката на лицата со изречена мерка од суд “задолжително лекување и чување“ не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите ибројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените, така да е можно трансфер на средствата од една во друга позиција.

2) Обезбедување на средства за партиципација при лекувањето на пациентите во центрите за ментално здравје.

3) Организациски активности за отварање на нови Центри за ментално здравје низ републиката (во Битола и во Штип). Овие активности се во надлежност на Министерството за здравство и не побаруваат финасиски средства.

4) Активности на Комисијата за ментално здравје.

Со оглед на тоа дека здравствениот статус на населението не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите ибројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените, така да е можно трансфер на средствата од една во друга позиција.

Извршители на Програмата се: Универзитетската клиника за психијатрија, Психијатриските болници и останатите здравствени установи кои имаат психијатриски одделенија или Центар за ментално здравјево својот состав.

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средстватана здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Во прилог на фактурите здравствените установи имаат обврска да достават пресметка за секој пациент поединечно и листа на референтни цени на услуги на ФЗОМ согласно кои е извршено фактурирањето за оние услуги кои се предвидени со програмата.

Извршители на Програмата се:

1) Здравствените установи кои ги лекуваат лекуваат лицата со изречена мерка “задолжително лекување и чување“ (ЈЗУ Психијатриска болница “Скопје“ Скопје, ЈЗУ Психијатриска болница “Негорци“ Гевгелија и ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар).

2) Јавните здравствени установи кои имаат центар за ментално здравје како организациона единица.

3) Универзитетската клиника за психијатрија, Здружение на психијатри на република Македонија и Здружение на психолози на Република Македонија, Комисија за ментално здравје формирана од Министерот за здравство.

## ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

1) Финансиските трошоци за обезбедување на болничка здравствена заштита на душевно болните лица кои се со изречена мерка од суд “задолжително лекување и чување“ опфаќаат:

- болнички ден (сместување и исхрана во стандардни болнички услови)за стационарни пациенти,
- лекување со спроведување на дијагностички процедури и рехабилитациони мерки,
- лекови кои се наоѓаат на болничката листа,
- потрошен материјал за ординирање на терапијата,
- психосоцијален третман на пациентите како и
- помош и нега на пациентите.

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средстватана здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

Во прилог на фактурите здравствените установи имаат обврска да достават пресметка за секој пациент поединечно и листа на референтни цени на услуги на ФЗОМ согласно кои е извршено фактурирањето за оние услуги кои се предвидени со програмата.

Здравствените установи кои се извршители на овие активности од Програмата, најдоцна до 15.01.2019 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2017 година.

2) Финансиските трошоци плаќање на партиципација за лекување на пациентите кои ги посетуваат центрите за ментално здравје.

3) Финансиски трошоци за подмирување на неизмирените обврски од Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2017 година

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2018година потребни се следните средства:

| | | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Судски случаи (лица со изречена мерка задолжително чување и лекување) | 9.000.000,00 |
| 2. | Партиципација за пациентите кои се лекуваат во центрите за ментално здравје | 2.000.000,00 |
| 3. | Неизмирени обврски од 2017 година | 36.000.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **47.000.000,00** |

Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за 2018година во висина од 47.000.000,00 од кои 28.000.000,00 денари од основниот буџет и 19.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-407/1
23 јануари 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.